Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КИЧЕВО
R. E MAQEDONISË SË VERIUT KOMUNA E KËRÇOVËS
Бр./Nr. 22-1107/4
24.04 2026 год./viti
КИЧЕВО - KËRÇOVË

**И З В Е Ш Т А Ј**

**од спроведениот Конкурс за избор на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНКУРСОТ

*1.1. Име на конкурсот:* Конкурс за избор на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево

*1.2. Име на организаторот на конкурсот:*

Општина Кичево со седиште на ул.„Борис Кидрич“ бр.2, 6250 Кичево,
телефон 045/220-020,
електронска пошта: kicevo2025@kicevo.gov.mk,
интернет адреса www.kicevo.gov.mk

## 2. ЦЕЛ НА КОНКУРСОТ

Целта на јавниот конкурс е избор на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево како основа за изработка на урбанистичка планска / проектна документација во согласност со важечките плански прописи во Општина Кичево (во рамките на важечкиот ГУП како и со Деталните урбанистички планови за градот Кичево) во предвидениот проектен опфат и во согласност со националните прописи.

Очекуваните цели од ова идејно архитектонско решение се состојат во:

*2.1.Просторна и функционална реорганизација*

•Хуманизација на просторот: Примарна цел е пренасочување на приоритетот од моторниот сообраќај кон пешакот, создавајќи безбедна и континуирана пешачка зона.

•Проширување на корисната површина: Максимизирање на јавниот простор преку рекултивација на делови од коловозот и нивно интегрирање во единствената целина на плоштадот.

•Подобрување на пристапноста: Обезбедување на непречен пристап за сите групи граѓани (лица со попреченост, родители со колички, постари лица) преку елиминирање на архитектонските бариери.

*2.2.Сообраќајно решение и безбедност*

•Оптимизација на тековите: Воведување нов режим кој ќе го растовари централното јадро, а истовремено ќе овозможи контролиран пристап за достава и итни служби.

•Смирување на сообраќајот: Користење на архитектонски елементи (нивелација, текстура на материјали) за природно забавување на возилата во контактните зони.

*2.3. Урбан дизајн и идентитет*

•Создавање „Точка на привлекување“. Дизајнирање на плоштадот како препознатлив симбол на Кичево кој ќе генерира социјална, културна и економска активност.

•Унификација на урбаната опрема: Поставување на современ урбан сет (клупи, осветлување, информативни табли) кој е стилски усогласен и функционален.

•Микроклиматско подобрување: Зголемување на процентот на зеленило и воведување водени површини за подобрување на амбиентот и намалување на летните температури.

## 3. ФОРМА НА КОНКУРСОТ

Конкурсот е јавен и анонимен, право на учество имаат сите правни лица и физички лица. Учесниците на конкурсот се пријавуваат под шифра.

## 4. КОНКУРСНИ КРИТЕРИУМИ

*4.1 Просторни критериуми (од 0 до 20 бодови):*

- почитување на условите од Деталниот урбанистички план и дополнителните ограничувања од проектната задача
- креирање на квалитетна просторна целина;
- архитектонски и пејсажни вредности на плоштадот;
- препознатливи просторни амбиенти, акценти, визури;
- пристапност;
- рационално сообраќајно решение; дефинирани удобни пешачки движења во рамки на плоштадот, како и соодветни по позиција пристапи за пешаци и за возила.

*4.2 Програмски критериуми (од 0 до 20 бодови):*

- исполнетост на програмски дадености;
- воспоставување на програмските релации;
- употребливост на јавниот простор и зеленилото;
- безбедност.

*4.3 Економски критериуми (од 0 до 15 бодови):*

- економска оправданост и спроведливост на решението;
- рационална изведба;
- рационално одржување на просторот;
- животен век на решението;
- влијание на решението врз вредноста на контекстот;
- други социо-културни и економски влијанија од идната употреба на просторот.

*4.4 Естетски критериуми (од 0 до 15 бодови):*

- отвореност и инклузивност на употреба;
- креативност, иновативност и архитектонски придонес на проектот за плоштадот во локалниот и регионалниот контекст;
- уметничка вредност на обликуваниот простор;
- однос кон околниот простор и создадените вредности;

*4.5 Еколошки критериуми (од 0 до 15 бодови):*

- влијание на урбанистичко-архитектонското решение врз животната средина;
- почитување на принципите за одржлив урбан развој;
- степен на зачувување и унапредување на инвентаризираниот зелен фонд;
- примена на зеленило со еколошки, а не само декоративни функции;
- ефикасна употреба на вода за наводнување;
- селекција и управување со отпад

*4.6. Графичко- визуелни критериуми (од 0 до 15 бодови):*

- Графичка анализа на просторот;
- 3D визуелизации и анимации

**5. СОСТАВ НА КОМИСИЈАТА :**

Членовите на комисијата за избор на идејно решение се: Ристе Лазаровски, претседател на жирито; Фисник Фејза, член на жирито; Ирена Велјаноска, член на жирито; Александра Анаќиоска, член на жирито и Беким Мустафај, член на жирито.

**6. ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА ЖИРИТО:**

Конкурсот за избор на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево беше објавен на 03.03.2026 година и краен рок за поднесување на трудовите беше до 06.04.2026 година. Пристигнатите конкурсни трудови се предадени на комисијата за избор на идејно решение и беа примени од нејзиниот Претседател.

На првиот состанок се утврдија обврските и задачите, начинот и динамиката на работата на комисијата, како и запазување на зададените критериуми за оценување на трудовите. На овој состанок се изврши и отварањето на трудовите, при што комисијата зеде обврска да ги чува пликовите со назнака „ Автор“ од сите трудови во анонимност до завршување на постапката и конечната одлука на комисијата за избор на идејно решение .

На конкурсот пристигнаа вкупно девет трудови. По отворањето на трудовите, комисијата констатира дека осум од нив се во согласост со критериумите на Конкурсот, а еден од пристигнатите трудови не ги исполнува критериумите и е некомплетен, односно не ги содржи потребните графички и текстуални прилози, нема шифра и плико со податоци за авторот и како таков нема да биде предмет на оценување од страна на комисијата.

Во текот на работата на комисијата детално се разгледани и анализирани пристигнатите трудови со сите составни графички и текстуални прилози и е извршена нивна евалуација во согласност со критериумите утврдени во објавата за конкурсот. При тоа во професионална, стручна и транспарентна меѓусебна дискусија овозможено е сите членови да го оформат и презентираат своето мислење и став во однос на секое поодделно решение. Работата на комисијата се одвиваше до 22.04.2026 год. кога се разгледани дефинираните мислења и ставови на сите членови на комисијата, врз основа на кои е извршено рангирање на пристигнатите трудови и тоа:

| Шифра: | Просторни критериуми (од 0 до 20 бодови) | Програмски критериуми (од 0 до 20 бодови) | Економски критериуми (од 0 до 15 бодови) | Естетски критериуми (од 0 до 15 бодови) | Еколошки критериуми (од 0 до 15 бодови) | Графичко-визуелни критериуми (од 0 до 15 бодови) | Вкупно бодови (од 0 до 100 бодови) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТРИАД | 20 | 20 | 10 | 15 | 15 | 15 | 95 |
| A1B2C | 20 | 15 | 8 | 10 | 10 | 15 | 78 |
| 3A111 | 20 | 12 | 8 | 10 | 10 | 10 | 70 |
| ЛВПО0 | 15 | 10 | 5 | 10 | 10 | 10 | 60 |
| CO605 | 15 | 10 | 5 | 8 | 10 | 10 | 58 |
| S1J7E | 10 | 10 | 5 | 5 | 8 | 8 | 46 |
| V3M6K | 5 | 10 | 5 | 3 | 5 | 5 | 33 |
| 11108 | 5 | 5 | 5 | 5 | 8 | 3 | 31 |

## 7. НАГРАДИ

Согласно рангирањето и гласањето на комисијата за избор на идејно решение, донесена е конечната одлука за распределба на наградите и тоа:

Прворангиран е конкурсниот труд со шифра „ **ТРИАД**" со доделена **ПРВА НАГРАДА** во износ од 100.000,00 денари,

Второрангиран е конкурсниот труд со шифра **„A1B2C "** со доделена **ВТОРА НАГРАДА** во износ од 50.000,00 денари,

Треторангиран е конкурсниот труд со шифра **„3A111"** со доделена **ТРЕТА НАГРАДА** во износ од 30.000,00 денари.

## 8.КРАТОК ОСВРТ НА НАГРАДЕНИТЕ ТРУДОВИ

Конкурсниот труд под шифра „ТРИАД", во споредба со другите наградени дела, се издвои со автентичен и креативен дизајнерски пристап што ги балансира функционалноста, естетиката и поврзаноста со околниот простор. Овој труд покажува многу квалитетно и јасно решение на дадените функции во рамките на условите на урбанистичкиот план. Решението не е само архитектонски хармонично, туку и длабоко осмислено, земајќи ја предвид улогата на плоштадот како „срце" на градот и неговиот потенцијал да стане автентичен, жив центар на секојдневниот живот во заедницата.

Комисијата за избор на идејно решение го препозна квалитетот на ова решение преку неговата способност да создаде простор што е многу повеќе од функционален плоштад. Преку внимателно изработени форми, сеопфатен пристап и богата материјализација, дизајнот создава динамичен и сензуален амбиент што поканува на интеракција и престој. Просторот се перцепира како „урбана соба", место каде што коегзистираат различни функции, а земајќи го предвид слоевитоста на просторот, тој нуди повеќе можности и видови на употреба, од секојдневни комерцијални активности до социјални собири и културни настани. Без доминација на претенциозни или банални идеи, решението внимателно ги поврзува клучните просторни врски и создава хармоничен простор

кој зрачи со смиреност, топлина и виталност. Во овој контекст, проектот претставува урбанистичко-архитектонска интервенција во централното градско јадро, насочена кон интеграција и унапредување на јавниот простор преку поврзување на три сегменти - плоштадите „Ослободување", „Обединување" и „Осознавање" во единствен просторен систем.

Концептот на плоштадот „Ослободување" во Кичево се базира на идејата за просторно и пејзажно протекување на зеленилото од локалитетот Китино Кале кон централното градско подрачје, преку негово постепено „спуштање" и интеграција со постојното зеленило. Овој пристап се надополнува со воведување на нови програмски слоеви, чија конечна дефиниција и активирање се оставени на самите корисници, овозможувајќи динамичен и адаптибилен јавен простор.

Концептот на плоштадот „Обединување" во Кичево се заснова на обединување и поврзување на двата значајните религиски објекти во еден плоштад и една пешачка зона со што овој плоштад станува плоштад на две религии. Оваа интевенција го афирмира градот како мултиетнички град во кој различноста не е само присутна, туку длабоко вкоренета во неговото секојдневие. Неговата мултиетничка структура не се доживува како поделба, туку како богатство – како слоевит идентитет кој се градел низ времето, а со оваа интервенција просторно ќе се обедини. Во контекст на мултиетничкиот карактер на Кичево, интеграцијата на верските простори во рамки на заеднички јавен простор претставува силна урбана и симболичка интервенција.

Концепт на плоштадот „Осознавање" во Кичево сместен северно од Домот на култура е дефиниран како плоштад на културата, простор каде корисникот го осознава личното, колективното како и урбаното. Плоштадот се артикулира како амбиент на перцепција и доживување, каде архитектурата не се сведува само на формална композиција, туку функционира како медиум преку кој се рефлектира и интерпретира културниот живот на заедницата. Преку својата отвореност и програмска флексибилност, плоштадот се позиционира како платформа за доживување, каде просторот и настанот се спојуваат во единствен процес на осознавање.

Секој од плоштадите има специфична улога во оваа целина: „Ослободување" се артикулира како нов репрезентативен урбан простор, „Обединување" како постоечко јадро кое се дооформува и интегрира во линиска секвенца, додека „Осознавање" се развива како културна платформа со летен амфитеатар, кој овозможува разновидни јавни и културни настани. Партерното уредување се третира како клучен елемент во обликувањето на целокупниот просторен идентитет и функционалната поврзаност на интервенцијата. Преку внимателен избор и комбинација на материјали, се воспоставува јасен, но суптилен континуитет помеѓу различните просторни сегменти.

Интервенцијата го почитува постојниот историски и урбан контекст, особено во зоната на чаршијата, додека преку зголемување на зелените површини се унапредуваат еколошките и амбиенталните квалитети. Со тоа се создава континуиран, флексибилен и инклузивен јавен простор кој ги поттикнува социјалните интеракции и културниот живот.

Како заклучок, ова концептуално решение претставува исклучително висококвалитетно архитектонско дело кое успешно ги балансира функционалноста, естетиката и одржливоста.

Конкурсниот труд под шифра „A1B2C" како второнаградениот труд се издвојува по својот комплексен пристап во однос на сите дадени критериуми на конкурсната задача, реализирајќи

висококвалитетен просторен состав, кој се карактеризира со архитектонски интегритет на планираните структури, нивна поврзаност, слична концепција, материјализација и партерно уредување. Делото се карактеризира со чувствителен пристап кон локацијата и јасно артикулирана идеја која преку убаво направената анализа го објаснува предложеното решение.

Земајќи ја предвид силата на концептуалниот предлог, графичката презентација, деталното графичко и текстуално објаснување, членовите на жирито препознаваат висок степен на квалитет во презентираната работа.

Конкурсниот труд под шифра „ЗА111“ го привлекува вниманието со инвентивното сообраќајно решение. Трудот претставува едноставно решение кое е добро за животната средина и се вклопува во просторот, но му недостасува содржина што би ги привлекла корисниците. Не ја чувствувате намената на просторот, освен како транзитна зона. Трудот ги предвидува потребните содржини во просторот, но нивниот дизајн, како и просторното уредување, не го покажуваат потребниот квалитет. Концептот е едноставен, но не е доволно импресивен. Добрата анализа на просторот и зонирањето се примарен квалитет на ова решение, но недостасува елаборација за формирањето на зонските елементи. Иако постојат одредени структурни предизвици, решението покажува потенцијал за понатамошен развој.

**9. ЗАКЛУЧОК**

Комисијата за избор на идејно решение констатира дека Конкурсот за избор на идејно архитектонско решение за реконструкција, проширување и урбан дизајн на постоечкиот плоштад во Кичево е успешно спроведен и им се заблагодарува на сите учесници за вложениот труд и ангажман во пристигнатите трудови. По евалуацијата на трудовите, членовите на жирито едногласно одлучија на трудот означен со шифрата „ТРИАД“да му ја доделат првата награда, на трудот означен со шифрата „А1В2С“ втората награда и на трудот означен со шифра „ЗА111“ - трета награда. Членовите на комисијата за избор на идејно решение сметаат дека прво рангираниот труд претставува најдобар одговор на барањата во конкурсната задача.

По потпишувањето на овој извештај, комисијата ќе пристапи кон отворање на пликовите означени со „ АВТОР“ и ќе го утврди идентитетот на авторите на наградените конкурсни дела. Извештајот за отворањето на пликовите ќе биде составен дел од овој Извештај.

Комисија за избор на идејно решение
Ристе Лазаровски, Претседател

Фисник Фејза, член

Ирена Велјаноска, член

Александра Анаќиоска, член

Беким Мустафај, член